**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"-БИТОЛА**
**ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ-СКОПЈЕ**
**Бр.08-479/2**
**27.08.2020 година**
**С К О П Ј Е**

Врз основа на член 110 став 1 алинеа 8, член 161 став 5, член 173 став 1 и член 175 став 1 од Законот за високото образование („Службен весник" бр. 82/18) и член 39 став 1 и 42 став 1 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола од 2018 година, Наставно-научниот совет на Факултетот за безбедност-Скопје, на седницата одржана на 27.08.2020 година, донесе

# О Д Л У К А
## за усвојување Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања на научните области Политичка економија (50301) и Финансии (50326) и избор во звање редовен професор

1. Се усвојува Рефератот на Рецензионата комисија објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Климент Охридски"-Битола, бр.471 од 01.07.2020 година, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања на научните области Политичка економија (50301) и Финансии (50326) на Факултетот за безбедност-Скопје и во звањето **РЕДОВЕН ПРОФЕСОР** се избира д-р Снежана Мојсоска.

2. Д-р Снежана Мојсоска се избира во наставно-научно звање **РЕДОВЕН ПРОФЕСОР** на научните области Политичка економија (50301) и Финансии (50326).

3. Со изборот во звањето редовен професор, д-р Снежана Мојсоска заснова работен однос на неопределено време.

4. Правата и обврските од работниот однос, д-р Снежана Мојсоска ги остварува во согласност со Законот за високото образование, Законот за работните односи, друг закон, колективен договор и други акти на Универзитетот и факултетот.

5. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се применува од 24.12.2020 година.

### *Образложение*

Со Одлука заведена со бр.08-5/178 од 25.12.2015 година од Наставно – научниот совет на Факултетот за безбедност – Скопје донесена на 24.12.2015 година, д-р Снежана Мојсоска е избрана во звање вонреден професор во сите наставно-научни звања на научните области: Политичка економија (50301) и Финансии (50326) за време од 5 (пет)

години и исплатата за вонреден професор и започнува од 24.12.2015 година. Согласно Одлуката за избор во вонреден професор, д-р Снежана Мојсоска склучува Договор за вработување со Факултетот за безбедност – Скопје кој е заведен под бр.04-1170/1 од 24.12.2015 година.

Деканот на Факултетот за безбедност – Скопје, врз основа на Одлука за распишување конкурс бр.04-318/1 од 01.06.2020 година, распиша конкурс за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања на научните области: Политичка економија (50301) и Финансии (50326). Конкурсот беше објавен во дневниот весник „Слободен печат“ на ден 04.06.2020 година и во дневниот весник „Коха“ на ден 04.06.2020 година. На конкурсот беше пријавен само еден кандидат – вонреден проф. д-р Снежана Мојсоска.

Наставно – научниот совет на Факултетот за безбедност – Скопје на седницата одржана на 18.06.2020 година со Одлука бр. 08-354/2 од 18.06.2020 година формираше рецензиона Комисија за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања на научните области Политичка економија (50301) и Финансии (50326). Комисијата беше во следниов состав: проф. д-р Димитар Ефтимовски, претседател, проф. д-р Гордана Витанова – член и проф. д-р Александар Стојков – член. Комисијата подготви Реферат за избор на еден наставник во звањата објавени во огласот и истиот беше објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Климент Охридски”-Битола, бр. 471 од 01.07.2020 година. Рефератот содржи оценка за научните, стручните, педагошките и други остварувања на кандидатот што се од важност за утврдување на условите за избор во соодветно звање и во својата заклучна оценка и Рецензионата комисија му предложи на Наставно – научниот совет на Факултетот за безбедност – Скопје да ја избере за редовен професор д-р Снежана Мојсоска, која ги исполнува потребните услови за избор во редовен професор.

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе почне да се применува од 24.12.2020 година, затоа што тогаш се навршуваат полни пет години од изборот во звањето вонреден професор на д-р Снежана Мојсоска.

Одлуката да се достави до именуваната, персонално досие, одделение за финансиско, сметководствено и материјално работење и архива.

**Д Е К А Н**

**Вонреден проф. д-р Никола Дујовски**

Универзитет „Св. Климент Охридски“ Битола · Факултет за безбедност · Република Северна Македонија · Скопје